ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 05-507/5
17.03. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ**

**Извештај на раководството**
**за Финансиски извештаи за 2019 година**

## СОДРЖИНА

| | стр |
|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка | ..............................1 |
| Извештај за финансиска состојба | ..............................2 |
| Извештај за промените во главнината | ..............................3 |
| Извештај за паричните текови | ..............................4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | ..........................5-18 |

**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**На 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3 | 15.721 | 16.985 |
| Останати приходи | 4 | 272.879 | 283.414 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **288.600** | **300.399** |
| | | | |
| | | | |
| ***Трошоци*** | | | |
| Трошоци за материјали енергија | 5 | (44.733) | (28,608,) |
| Трошоци за услуги | 6 | (10.734) | (9,391,) |
| Амортизација и депрецијација | | (36.427) | (47,649,) |
| Трошоци за вработените | 7 | (62.444) | (51,048,) |
| Останати оперативни трошоци | 8 | (19.283) | (19,175,) |
| | | **(173.621)** | **(155,871,)** |
| | | | |
| Финансиски ( трошоци) / приходи - нето | 9 | 2.403 | 1,952 |
| | | | |
| **Добивка / (загуба) пред оданочување** | | **117.382** | **146.478** |
| | | | |
| Данок на добивка | 10 | (12.496) | (14,973) |
| | | | |
| **Добивка / (загуба) по оданочување** | | **104.886** | **131,505** |
| | | | |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| | | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка / (загуба) за годината** | | **104.886** | **131,505** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Овие финансиски извештаи се одобрени од раководството на Претпријатието на __________________, 20__ година.

Овластен сметководител
Снежана Стојановска

ЈП Национална радиодифузија
Директор
М.р. Адмирим Алити

Tel: ++ 389 (0)2 3297 100;
Fax: ++ 389 (0)2 3225 520;
Support: 0800 700 70;
Bul. Goce Delcev 18, Skopje, 1000
www.jpnrd.gov.mk

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За годината што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | Година што завршува на 31 декември 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| ***Нетековни средства*** | | | |
| Материјални и нематеријални средства-нето | 2.5;11 | **444.631** | **328.373** |
| | | | |
| | | | |
| ***Тековни средства*** | | | |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 2.7;12 | 232.694 | 301.669 |
| Побарувања од купувачи | 2.9;13 | 8.158 | 12.834 |
| Други побарувања | 14 | 756 | 310 |
| Залихи | 2.6;15 | 51.680 | 42.884 |
| | | **294.044** | **357.697** |
| | | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **737.920** | **686.070** |
| | | | |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Сопственичка главнина** | | | |
| Државен(јавен) капитал | 21 | 365.360 | 365.360 |
| Акумулирана добивка / (загуба) | 21 | 280.826 | 177.940 |
| Ревалоризациони резерви | | 0 | 0 |
| | | **646.186** | **543.300** |
| ***Долгорочни обврски*** | | | |
| Обврска за одложен приход од државни поддршки | 2.11;19 | 23.944 | 64.508 |
| Долгорочна финансиска обврска | 20 | 0 | 669 |
| | | **23.944** | **65.177** |
| ***Краткорочни обврски*** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 16 | 12.228 | 13.380 |
| Краткорочни финансиски обврски | 18 | 11.412 | 15.768 |
| Краткорочен дел на долгорочна финансиска обврска | 20 | 669 | |
| Останати обврски | 17 | 43.481 | 48.445 |
| | | **67.790** | **77.593** |
| | | | |
| **ВКУПНО СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **737.920** | **686.070** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.*

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**Година што завршува на 31 декември 2019**
**(Во илјади Денари)**

| | Државен (јавен) капитал | Законска резерва и ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка/ (загуба) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба,1 јануари 2019** | **365360** | 6.299 | 177.852 | **549.601** |
| | | | | |
| Вратени средства во буџет | | | -2,000 | **-2,000** |
| Нето добивка за тековната 2019 година | | | 104.884 | **104.884** |
| | | | | |
| **Состојба, 31 декември 2019** | **365360** | 6.299 | 280.736 | **652.485** |
| | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2018** | **365360** | 7.095 | **46.347** | **418.892** |
| | | | | |
| Нето добивка за 2018 година | - | - | 131.505 | **131.505** |
| Ревалоризациона резерва | | -796 | | -796 |
| **Состојба, 31 декември 2018** | **365360** | 6.299 | 177.852 | **549.601** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

**Година што завршува на 31 декември 2019**

**(Во илјади Денари)**

| | Година што завршува на 31,12, 2019 | 31,12, 2018 |
|---|---|---|
| ***Парични текови од деловни активности*** | | |
| Добивка (загуба) пред оданочување; | 117.382 | 146,478 |
| провизија | 86 | 62 |
| поврат на погрешни уплати | | |
| Одлив нетековен дел-прилив нетековен дел | -3.615 | -7.011 |
| ***Усогласување за:*** | | |
| Амортизација и депрецијација | 36.427 | 47,649 |
| Одложен приход од државни поддршки | -34.525 | -43.260 |
| Промени во капиталот | -102.884 | -127.937 |
| Намалување / (зголемување) на побарувања од купувачи и други побарувања | -4.676 | -2,713 |
| Намалување / (зголемување) на залихите | -8.796 | -6,687 |
| Зголемување / (намалување) на обврски кон добавувачи и други тековни обврски и ПВР | -143.599 | -94.725 |
| Пресметан данок на добивка | -12.496 | -9.798 |
| ***Нето парични средства од деловни активности*** | **-156.696** | **-97.942** |
| ***Парични текови од инвестициони активности*** | | |
| Набавка на материјални и нематеријални средства | -140.989 | -5,659 |
| **Нето парични средства користени за инвестициони активности** | **-140.989** | **-5,659** |
| | | |
| ***Парични текови од финансиски активности*** | | |
| Прилив од државни поддршки-субвенции | 234.000 | 232,050 |
| (Отплата) / прилив од долгорочни и краткорочни финансиски обврски | -5.290 | -5,939 |
| ***Нето парични средства користени за финансиски активности*** | ***228.710*** | ***226,111*** |
| ***Нето зголемување / (намалување) на парични средства и еквиваленти на парични средства*** | **-68.975** | **122.510** |
| *Парични средства и еквиваленти на парични средства на почеток на годината* | 301.669 | 179,159 |
| *Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на годината* | 232.694 | 301,669 |

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ (во натамошниот текст: "Претпријатието") е јавно претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија со Законот за основање на ЈП Национална радиодифузија , донесен на 28.01.1998 година.

Претпријатието е регистрирано во Централен Регистер на Република Северна Макеоднија под ЕМБС бр.5218837 и Деловоден број:30120120032220.

Седиште: Булевар Гоце Делчев бр. 18-Скопје

*__Дејности__*

Дејности на јавното претпријатие се:

- Пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст: МРТ), согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, - за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси.

- Обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија, - контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие, - обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, - поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, - обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги, - контрола, мерење на квалитетот и управување со мрежите и придружните средства, - обезбедува и други јавни електронски комуникациски мрежи и услуги согласно со Законот за електронските комуникации.

- Јавното претпријатие дејностите ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмските сервиси и тоа: - четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ), - една радио мрежа на средни бранови (СБ), - ТВ и радио дигитални мултиплекси, - мрежа на микробранови дигитални преносни врски и - пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис со цел обезбедување,

оптимална чујност и гледаност на програмските сервиси на МРТ, што се емитуваат преку мрежите.

- Јавното претпријатие може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест,по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

*Основна дејност*

61.20: дејности на безжични телекомуникации – развој, проектирање, изградба и одржување на основната радиодифузна мрежа на територијата на Република Северна Македонија.

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО (Продолжува)

*Извршување на дејностите*

Претпријатието ги извршува своите активности преку:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ),
- една радио мрежа на средни бранови (СБ),
- ТВ и радио дигитални мултиплекси,
- мрежа на микробранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Претпријатието е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните со ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства од дадените услуги кои ги обавува во склоп на својата дејност.

*Законска рамка*

Претпријатието ја обавува својата дејност врз основ на следните закони:

| Закони | Објава |
|---|---|
| Закон за основање на ЈП Национална радиодифузија-Скопје | Службен весник на РСМ бр.6/98 и дополнување во 98/2000, 143/2019, 143/2019,152/2019). |
| Закон за јавни претпријатија | Службен весник на РСМ бр.38/96;6/02;40/03;49/06;22/07;83/09 и 97/10) |
| Закон за електронски комуникации | Службен весник на РСМ бр.39/2014, 188/2014 |
| Закон за радиодифузна дејност | Службен весник на РСМ бр.100/2005; 19/2007; 103/2008; 6/10; 97/2011 и 145/2010. |
| Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Службан весник на РСМ бр. 184/2013;13/2014; 44/2014; 101/2014; 132/2014 , 142/16 и 132/17 |

- Организациона структура на Претпријатието (до ниво на сектор) е следна:

ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА за Економски правни и општи работи :Сектор за екномски работи, Сектор за нормативно правни и општи работи, човечки ресурси,
ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА Пренос и емитување:Сектор Емисиона техника и Сектор Телекомуникации
ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА Развој и инфраструктура:Сектор Инфраструктура и Сектор Развој и инвестиции
(ОЕ надвор од ДЕ-Дирекција и Самостојно одделение за Внатрешна Контрола и Ревизија




**Органи на управување и раководење**
Органи на управување и раководење на Претпријатието, согласно член 16 од Законот за јавни претпријатија се Управниот одбор, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење и Директорот.

***<u>Управен одбор</u>***

Управниот одбор на 31.12.2019година е во следниот состав:

| | Име и презиме | Позиција во УО |
|---|---|---|
| 1. | Размена Чекиќ Дуровиќ | Претседател |
| 2. | Ветим Селими | Заменик претседател |
| 3. | Дионис Танаскоски | Член |
| 4. | Билјана Боцеска | Член |
| 5. | Алија Алајдин | Член |
| 6. | Марко Михајлоски | Член |
| 7. | Маја Герасимовска | Член |

***Надзорен одбор за контрола на материјално-финанискoто работење***

Надзорниот одбор на 31.12.2019 година работи во следниот состав:

| | Име и презиме | Позиција во НО |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Сашо Јаковлевски | Заменик претседател |
| 2. | Валентин Тасевски | Член |
| 3. | Дрита Мифтари | Член |
| 4. | Магдалена Савеска | Член |

***Директор***

На 31 декември 2019 година, Директор на Претпријатието е М-р Адмирим Алити, избран од страна на Управниот одбор со Одлука број 02-683/5од 2018 година.

На 31.12.2019 година, Претпријатието има 141 вработен (2018: 113 вработени.)

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Претпријатието ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со измените на Законот за јавни претпријатија објавени во ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 83/09); одредбите на Законот за трговски друштва на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07 87/08) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година, утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на јавното претпријатие се прикажани во илјади македонски Денари.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

### 2.2 Политика за евидентирање на приходите

Претпријатието остварува приходи од средствата за финансирање на радиодифузна дејност и од сопствени услуги.

Со измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2017 година пропишано е обезбедување на средства за финансирање на радиодифузната дејност со средства од Буџетот на РСМ. Распределбата на средствата помеѓу корисниците на средствата не е променета.

***Приходи од услуги***

Претпријатието ги нуди следните услуги:

- проектирање, изведба и одржување на радиостаници;
- монтажа и одржување на радиодифузни уреди, антенските системи и електрични инсталации;
- изведба и издавање уверение за измерено заземјување на радио станиците;
- проектирање, изведба и одржување на кабловски дистрибутивни системи;
- контрола и мерење на изведените кабловски дистрибутивни системи како и издавање на уверение за истите;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија со радиотелевизиски сигнали;
- промет на склопови, уреди и опрема од радиодифузната и комуникациската дејноста;
- издавање под наем на комуникациски линкови и емитување на радио и телевизиски програми;
- издавање под наем на дел на инфраструктурата на објектите (деловен простор), а заради инсталирање на радиодифузна, комуникациска и друга опрема, како и издавање под наем на веќе инсталираната опрема и уреди;
- одржување на функционални системи, консалтинг и инжинеринг услуги од областа на радиодифузијата.

Наведените услуги, согласно Ценовникот на претпријатието од 04.04.2007 година, се групирани во 6 групи: интелектуални и консултантски услуги, наем на инфраструктура, наем на траси и емитување, монтажа, одржување и останати услуги. Во Ценовникот се исто така дадени условите за користење на услугите како и применливите попусти.

## 2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските номинирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

## 2.4 Данок на добивка

***Тековен данок на добивка***

Данокот на добивка се пресметува согласно со одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно.

*Одложен данок на добивка*

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во билансот на состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски.Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните времени разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

## 2.5 Материјални средства

Материјалните средства на Претпријатието се состојат од земјиште, градежни објекти, опрема и возила и инвестиции во тек.Имотно правните односи сеуште не се регулирани.

Основните средства на Претпријатието иницијално се евидентираат по набавна вредност.
Набавната вредност на материјалното средство (недвижности, постројки и опрема) се состои од набавна цена со вклучени царини и даноци кои не се одбиваат, по намалување за износите за трговски попусти и рабати и сите други трошоци кои се потребни да се доведе средството во сегашната локација и состојба за да биде спремно за користење онака како што тоа го бара раководството на Претпријатието.

Земјиштето се признава по набавна вредност. Во согласност со домашната регулатива истото не е предмет на амортизација.

Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност во која е вклучена цена на набавка, даноци кои не се одбиваат и други трошоци потребни средството да се доведе до посакуваната локација и состојба неопходна за извршување на оперативните цели.

Книговодствената вредност на средствата е предмет на редовна опсервација за можни оштетувања, особено кога одредени настани укажуваат дека книговодствената вредност не може да се надомести.Доколку вакви показатели постојат и книговодствената вредност е поголема од проценетата надоместлива вредност, вредноста на средството се намалува до износот на надоместливата вредност.

Амортизацијата се пресметува со користење на праволиниска метода по стапки кои го отсликуваат употребниот век на користење на средствата.
Основните стапки на амортизација се:

| | 2019 % | 2018 % |
|---|---|---|
| Згради | 2,5% | 2,5% |
| Компјутери и телекомуникациска опрема | 25% | 25% |
| Опрема за производство и дистрибуција на електрична енергија | 5% | 5% |
| Погонски и деловен инвентар | 10% | 10% |

На средствата книжени на сметката на инвестиции во тек, до моментот на нивно ставање во употреба, не се пресметува амортизација.

## 2.6 Залихи

Залихите на претпријатието се состојат од залиха на материјали, резервни делови и залиха на ситен инвентар. Залихите се водат по набавна вредност. Набавната вредност се состои од фактурна вредност, царини и даноци и поврзани трошоци како што се транспортни трошоци, трошоци за ракување и други трошоци кои директно се поврзани со набавката.Залихите на ситен инвентар целосно се отпишуваат во момент кога се ставаат во употреба, но останува во евиденција заради следење.

## 2.7 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Парите и паричните еквиваленти на Претпријатието се состојат од Денари и странска валута на сметки во банка, и парични средства во благајна.

## 2.8 Испратнини за пензионирање,пензиски планови и технолошки вишок

Претпријатието учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите,се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

Претпријатието исто така исплаќа двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Претпријатието нема резервирано средства за ваквите отпремнини, бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз финансиските извештаи.

## 2.9 Побарувања од комитенти

Побарувањата од комитентите се прикажани според нивната номинална вредност намалена за соодветни износи на исправки за сомнителни побарувања. Проценката за исправка се прави врз дел или врз целиот износ на побарувањата од купувачи кога според мислењето на раководството истите нема да бидат наплатени.

## 2.10 Поврзани субјекти

Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Претпријатието. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Претпријатието е Владата на Република Северна Македонија која има значајно влијание врз Претпријатието, а со тоа и моќ да го контролира неговото работење во целина.

## 2.11 Државни поддршки

Претпријатието добива државни поддршки во вид на основни средства и субвенции. Сметководствениот третман на државните поддршки е во согласност со МСС 20- Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош, каде што поддршката во основни средства се признава како приход врз рационална и систематска основа во период неопходен истиот да се усогласи со соодветните трошоци.

Поддршките во форма на субвенции се признаваат целосно како приход во периодот.

## 2.12 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Претпријатието се подготвени врз основа на принципот наконтинуитет на 31 декември 2019 година и овој принцип продолжува да постои какопретпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

## 2.13 Вложување во недвижности

Вложувањето во недвижности, во согласност со МСС 40 - Вложување во недвижности, се евидентира посебно во моментот кога станува очигледно дека Претпријатието од средството ќе се стекне со идни финансиски користи што нему му припаѓаат, односно за зголемување на капиталот или двете. Првично, вложувањето во недвижности се признава според нивната набавна вредност.После иницијалното признавање, последователните трошоци можат да се капитализираат во вложувањето во недвижност единствено доколку се очекува зголемување на идните користи.Сите останати последователни трошоци се евидентираат како трошок за периодот.

## 2.14 Јавни набавки

Набавките со вредност поголема од 1000 ЕУР во денарска противвредностпретпријатието ги извршува во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр.143/2019 година)

## 2.15 Фундаментален принцип на транспарентност

Во согласност со членот 8 од Законот за јавните претпријатија, Претпријатието својата дејност ја врши според принципот на транспарентност.

## 3. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Приходи од наемнини | 15.721 | 16.985 |
| | **15.721** | **16.985** |

## 4. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски | 2.451 | 8.104 |
| Одложен приход од државни поддршки | 37.103 | 43.260 |
| Останати приходи | 321 | 0 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност | 234.000 | 232.050 |
| | **273.876** | **283.414** |

## 5. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Потрошени материјали | 477 | 374 |
| Трошоци за енергија | 37.802 | 27.920 |
| Резервни делови | 5.923 | 294 |
| Отпис на ситен инвентари авто гуми | 1.231 | 20 |
| | **45,433** | **28,608** |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Транспортни услуги | 202 | 121 |
| Пошта, телефон, телеграф | 1030 | 931 |
| Трошоци за одржување | 4.645 | 4,029 |
| Комунални услуги | 1.443 | 1,315 |
| Наемнини | 2.709 | 2,619 |
| Осигурување | 2.705 | 1,258 |
| Банкарски услуги | 86 | 62 |
| Останати услуги | 705 | 377 |
| | 13.525 | 10.712 |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Плати за вработените-бруто | 61.585 | 50.545 |
| Надоместоци за вработените | 859 | 503 |
| Трошоци за службени патувања | 2.480 | 1,283 |
| Трошоци за УО и НО | 1.674 | 1,598 |
| | 66.598 | 53,929 |

## 8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Репрезентација и пропаганда | 466 | 68 |
| Даноци и придонеси што не зависат од резултатот | 597 | 578 |
| Договорни услуги –адвокатски трошоци | 1.505 | 1,553 |
| Вредносно усогласување на побарувања од комитенти | 2.864 | 2,880 |
| Останати оперативни трошоци | 775 | 722 |
| Привремени вработувања | 1.229 | 8,808 |
| | 7.436 | 13,963 |

## 9. ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ - НЕТО

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Негативни курсни разлики | (3) | (17) |
| Трошоци за камати | (41) | (9) |
| Позитивни курсни разлики | 1 | |
| Приходи од камати | 2.446 | 1,978 |
| | **2.403** | **1,952** |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Тековните трошоци за данокот на добивка се пресметуваат според Законот за данок на добивка кој се применува во Република Северна Македонија. Законскиот данок на добивка во 2018 од 10%.

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Добивка (загуба) пред оданочување | 117.382 | 146,478 |
| Данок на добивка 10% | **(12.496)** | **(14,973)** |

## 11. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Денарски жиро сметки | 232.582 | 300,806 |
| Девизна сметка | 0 | 821 |
| Парични средства во благајна – Денари | 21 | 12 |
| Припаид картички за гориво | 90 | 30 |
| | **232.693** | **301,669** |

## 12. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 62.899 | 64,583 |
| Исправка на вредност на побарувањата од купувачи | (54.743) | (51,879) |
| Побарување за радиодифузна такса | 432.352 | 434,802 |
| Исправка на вредност за побарувања за радиодифузна такса | (432.352) | (434,802) |
| Побарување за дадени аванси | 0 | 130 |
| | **8.156** | **12,834** |

## 13. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Побарувања од вработени | 139 | 164 |
| | | |
| | **139** | **164** |

## 14. ЗАЛИХИ

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Материјали во магацин | 47.693 | 38,402 |
| Резервни делови | 897 | 898 |
| Ситен инвентар во магацин | 3.090 | 3,584 |
| Ситен инвентар во употреба | 6.684 | 5,929 |
| Исправка на вредност на ситен инвентар во употреба | (6.684) | (5,929) |
| | | |
| | **51.680** | **42,884** |

## 15. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 7.442 | 8,488 |
| Обврски за нефактурирани стоки | 48 | 48 |
| Обврска кон добавувачи во странство | 4.759 | 4,916 |
| Обврска по пренаманети средства за судски спор ТАРБС | 0 | 1,830 |
| | **12.249** | **15,282** |

## 16.ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Обврска за ДДВ | 332 | 259 |
| Даноци и придонеси од плата | 1.751 | |
| Обврска за персонален данок | 20 | 22 |
| Обврска за ДД | 30.047 | 40,126 |
| Обврски за плати и надоместоци | 3.645 | 350 |
| Обврски за наемнини | 750 | 411 |
| Останати обврски | 1.412 | 5,767 |
| Обврска за резервација на штети | 1.061 | 1,061 |
| | **39.018** | **47,715** |

## 17. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари<br>Годината што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Договор за безкаматна позајмица од Буџет на РСМ за сервисирање на доспеан долг за електрична енергија склучен со Министерство за финансии на РСМ<br>Број на Договор: 08-30571/2 од 08.08.2008<br>Рок на доспевање: 31.12. 2008 | 10.000 | 10.000 |
| | **10,000** | **10,000** |

## 18. ОБВРСКИ ЗА ОДЛОЖЕН ПРИХОД ОД ДРЖАВНИ ПОДДРШКИ

| | Во илјади Денари<br>Година што завршува на<br>31 декември 2019 | 31 декемврио 2018 |
|---|---|---|
| **Обврски за одложен приход:** | | |
| -Донација од МРТВ за III-та РА и ТВ мрежа и донација од Норвешка Влада за дигитализација на микробранови врски | 20.150 | 20,150 |
| -Проект Дигитализација | 3.794 | 44,110 |
| | **23.944** | **64,260** |

Износот од Ден 23,944илјади (2018: Ден 64,260 илјади) се основни средства (опрема, нематеријални средства и вложувања во подготовка) добиени како државна поддршка, и корегирани за ефектот на одложен приход.

## 19. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| Доверител | Тековен дел | Нетековен дел |
|---|---|---|
| | 2019 | 2019 |
| Министерство за финансии | 669 | 0 |
| | 669 | 0 |

Финансиската обврска од Ден 669илјади се однесува на остатокот по Договорот за регулирање на вкупното достасано побарување на Министерството за финансии по основ на користени кредити од Париски и лондонски клуб на доверители, склучен на 07,07.2015 година . Со наведениот договор, долгот за неплатени обврски за користени кредити од Париски и лондонски клуб на доверители се утврдува динамика на отплата од 61 месечни рати сокаматна стапка во висина на референтната каматна стапка во РСМ( 4% камата вомоментот на склучување на спогодбата). Спогодбата е со својство на извршна исправа, и во случај на непочитување дава основ за присилно наплатување на остатокот од долгот од страна на доверителот.

## 20. СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА

*Државен капитал (Основна главнина)*

Структурата на основната главнина на Претпријатието на 31 декември 2019 и 2018 година, според тековната состојба од Централниот Регистар на Република Северна Македонија е следна:

| | % структура | | Во илјади Денари | |
|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2018 | 2019 | 2018 |
| *Сопственик* | | | | |
| Влада на Република Северна Македонија | 100% | 100% | - | - |
| **Вкупно основна главнина** | 100% | 100% | - | - |

Од горе наведениот приказ е евидентно дека во Претпријатието е дефиниран титуларот на сопственост-Владата на Република Северна Македонија, меѓутоа, не е

утврдена вредноста на истиот и не е запишана во Централниот Регистер на Република СевернаМакедонија.

*Задолжителна резерва*

Претпријатието има задолжителна резерва, како општ резервен фонд, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши сé до моментот додека резервата не достигне износ кој е еднаков на 10% од основната главнина.
До достигнување на законскиот минимум, оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба.

## 21. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИТЕ РИЗИЦИ

*Кредитен ризик*

Основните финансиски средства на Претпријатието се обврски кон добавувачи, салда кај банки и парични средства, побарувања од купувачите и краткорочни и долгорочни финансиски обврски, кои претставуваат максимална експонираност на кредитен ризик кон финансиските средства.

*Даночен ризик*

Македонската легислатива е предмет на разни интерпретации и чести промени.Интерпретациите на даночната легислатива кои се применуваат од страна на даночните власти врз трансакциите и активностите на Претпријатието, можат да не коинцидираат со оние на раководството.Како резултат на тоа, одредени трансакции можат,според мислење на даночните власти, да бидат предмет на оданочување, а

Претпријатието може да биде приморано да плати дополнителни даноци, казни и камати, кои по својот обем можат да бидат значителни. Документацијата на Претпријатието останува отворена за контрола од страна на даночните власти за период од десет години.

## 22. ОДНОСИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Сите трансакции со поврзани субјекти се извршени на вообичаен начин и под услови слични со оние кои се дадени на не-поврзани субјекти.Односите со поврзани субјекти за годините што завршуваат на 31 декември 2019 и 2018година се следни:

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | 31 Декември, 2019 | 31 Декември, 2018 |
| **Влада на Република Северна Македонија (основач)** | | |
| Субвенција од средства на Буџет на Република Северна Македонија | 234,000 | 232,050 |

## 23. СУДСКИ ПОСТАПКИ

Јавното претпријатие води 5парнични постапки пред надлежните судови во вкупна вредност од 36.267.00 илјади денари.

Против јавното претпријатие, како прво тужена страна во предмет број КО337/13, заедно со уште две јавни институции, поведени се две постапки за надомест на нематеријална штета од страна на семејствата на погинатите. Постапките се прекинати до завршување на истражната постапка К244/19 пред надлежните судови.

## 24. ВАЛУТЕН КУРС

Официјален девизен курс применет на Еур на 31 декември 2019 и 2018 година е следниот:

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
| Еур | 61,485 | 61,495 |

Овластен сметководител
Снежана Стојановска

ЈП Национална радиодифузија
Директор
м-р. Адмирим Алити